# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА
# НА ООУ „ЉУБЕН ЛАПЕ“, АЕРОДРОМ - СКОПЈЕ
# ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА




**Јули, 2024 година**

**ООУ,, ЉУБЕН ЛАПЕ “ – СКОПЈЕ**

**ОПШТИНА АЕРОДРОМ**

# УСЛОВИ ВО КОИ РАБОТИ УЧИЛИШТЕТО

Годишниот извештај за работата на училиштето во учебната 2023/2024 година е документ во кој е прикажана работата на училиштето во сите области на работење и во нејзиното изготвување учествуваа директорот, стручните соработници, наставниците, административниот кадар и претставник од Ученичкиот парламент. Извештајот на ООУ „Љубен Лапе“- Општина Аеродором, Скопје е изготвен врз основа на:

• Законот за основно образование /правилници / концепции • Закон за наставниците и стручните соработници во основното и средното образование • Закон за работни односи • План и програми за воспитно-образовната дејност • План за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2023/2024 година • Концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование • Новата Концепција за основно образование • Календарот за организација на работата во учебната 2023/ 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20), • Статутот на училиштето • Годишната програмата за работа на училиштето во учебната 2023-2024 година.

Презентираното во овој извештај ќе придонесе за извлекување заклучоци и понатамошно преземање мерки за подобрување на квалитетот на наставата и севкупното работење на училиштето.

Годишниот Извештај има за цел е да ја покаже работата на училиштето и постигнатите резултати на учениците во учебната 2023/2024 година.

## КАДАР ВО ООУ „Љубен Лапе“

Воспитно-образовната работа во училиштето ја изведуваат 87 наставници.

Во нашето училиште од други училишта се дополнуваат часови по информатика од ООУ,,Гоце Делчев,,наставник по македонски јазик со 8 наставни часа од ООУ,,Александар Македонски,, и наставник по иновации кој има 4 наставни часа во ООУ,,Љубен Лапе,, наставник по изборни предмети од ООУ,,Ѓорѓија Пулевски,,

Стручната служба ја сочинуваат педагог,психолог, дефектолог и библиотекар.

Раководно лице е Фоника Станоева, дипломиран педагог.

Во административни службеници се вработени две лица,а во помошно-технички персонал 12 вработени.

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ ЗА УЧЕБНА 2023/2024

Директорот ја организираше целокупната работа на училиштето која беше во соогласност со законските прописи, насоките и одлуките на органите на управување. Успешно ја организираше работата на административниот-технички персонал за обезбедувањето на материјално финансиски, технички и хигиенски услови за работа. Работеше на полето на прифаќање на нови проекти во училиштето како и прифатените проекти ги образложуваше на состаноците на стручните тела и органи. Во текот на учебната година врз основа на сопствената Годишна програма за работа го следев одвивањето на наставниот процес, слободните ученички активности, додатна и дополнителна настава.

Директорот ги формираше класовите и паралелките и распоредување на наставниците по паралелки и класни раководители, распоредување на часови по наставни предмети и наставници како и формираше тим за изработка на Годишен извештај и Годишна програма за работа на училиштето.

Исто така, се водеше посебна грижа за обезбедување услови за инклузија на ученици со ПОП во текот на целата учебна година.

Од увидот во работата на воспитно-образовниот кадар можам да констатирам дека изведувањето на наставата е на завидно ниво. Исто така преку состаноците на стручните органи и тела ја следев и унапредував работата во училиштето и организирав стручно усовршување на воспитно - образовниот кадар.

Соработував со локалната средина преку индивидуални и групни средби, со родителите на учениците, Советот на родители, Училишниот одбор, со училиштата од истата општина и други општини како и институции кои се поврзани со воспитно - образовниот процес.

Како директор при реализација на програмата успешно соработував со стручната служба. Директорот на училиштето активно учествуваше и раководеше во изготвувањето на сите видови на планирања за успешно одвивање на учебна година. Вршеше контрола на планирања на наставниците по сите наставни предмети и подрачја. Го контролираше водењето на педагошката евиденција и документација и даваше насоки и помош при отстранување на пропустите кои се направени. Преку неформални посети на наставните часови го следев одвивањето на наставниот процес и преку консултациите со наставниот кадар давав насоки за подигање на квалитетот на истиот.

Акцент во својата работа го посветив на релизацијата на проектите. Како резултат на тоа имаме успешно презентирање преку јавните и културните манифестации во училиштето, како и набавка со помош на донации на ИКТ опрема и обновување на делови во училиштето. Набавени се 8 лцд проектори со платна во која учествуваше со дел од финансиска подршка општествено одговорна фирма преку член на училишниот орган Мартин Клинчаров, набавени се уште 4 проектори со платна, озвучување за училиштето и 3 бели табли со собрани финансиски средства од базар

од страна на родителите. Донирани се 12 компјутери од страна на Комерцијална банка за доуредување на кабинетот по информатика како и 2 клими од кои едната донација од родител а другата од општествено одговорна компанија Анхоч. Директорот од своите финансиски средства го обнови поголемиот дел на фасадата на училиштето, реконструкција на дел од оштетената ограда на училишниот двор, набавка на потрошен материјал како и набавка на хигиенски средства за подобрување на хигиената на училиштето.

Добрата работа на полето на на додатната настава овозможи освојување на голем број награди на општинско и регионално ниво. Директорот обезбедуваше и создаваше услови за успешно реализирање на прифатените проекти во училиштето и беше заинтересиран за прифаќање на нови проекти. Ја следеше работата на стручните активи и се залагаше за нивно унапредување со воведување на нови форми на работа и контрола на реализирањето на програмираните задачи. На полето на стручното усовршување во планирањето, организацијата, следењето, вреднувањето и унапредувањето на наставата ги следеше со успех семинарите за директори. На наставниците – приправници им обезбеди менторство од редовите на наставниот кадар во училиштето или од други училишта.

За унапредување на воспитно-образовната дејност успешно соработување со Бирото за развој на образованието.

Соработка со структурите од безбедноста како што е полициската станица Аеродром е постојана и успешна.

Како училиште успешно соработуваме со Здравствени институции и надлежни установи.

Како директор посебно ми е важно што се постигна позитивна работна и училишна клима, се почитуваа ставовите и интересите на вработените и унапредување на меѓусебната комуникација.

Од сето горе споменато, можам да констатирам дека имавме успешна училишна година со најголем дел реализирани програмски активности во сите сегменти на работењето на училиштето вклучително и со моето функционирање на работно место директор на ООУ „Љубен Лапе“ – Аеродором, Скопје.

Директор
Фоника Станоева

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ПЕДАГОГОТ 2023/2024

| Програмско Подрачје | Содржина на активностите | Соработници | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| **РАБОТА СО УЧЕНИЦИ** | **Советодавна работа со учениците**<br>Реализирана евиденција за индивидуална и групна работа со ученици; евиденција за инструктивна работа со ученици, со родителите, други ученици, одделенски раководители; следење и унапредување на ученичка заедница; документација од анкети | Педагог<br>Психолог | I недела од Октомври<br>III недела од Октомври<br>Континуирано |
| | Реализирана работа со ученици со тешкотии во учењето<br>Евиденција за ученици со тешкотии во учењето; евиденција за работа со ученици и нивното напредување; евиденција за работа со родителите, наставниците; активности со паралелката во која се вклучени учениците. | Педагог<br>Психолог | I недела од Октомври<br>III недела од Октомври |
| | Реализиран упис на првачиња и формирање на паралелките.<br>Учество во изготвување на евиденција за обврзници; известување на родителите на децата обврзници; евиденција за разговор со родителите; евиденција за разговор со деца; подготвува инструменти и реализира активности за утврдување на подготвеност за запишување; формирање на паралелки. | Педагог<br>Психолог | III недела од Октомври<br>IV недела од Август<br>III недела од Октомври |
| | Следење на успехот и напредокот на учениците во наставните и воннаставните активности<br>Реализиран извештај за успехот по одделенија, предмети, пол, етничка припадност и воннаставни активности; планирања и реализација на активностите за дополнителната и додатната настава; евиденција за изрекување на педагошки мерки). | Педагог<br>Психолог<br>Комисија | Континуирано<br>IV недела од август<br>I недела од Ноември |
| | Програма за професионална ориентација;<br>Професионална ориентација и кариерно оспособување;<br>Документација за спроведени информирања;<br>Документација за остварена соработка со надворешни субјекти и институции. | Директор<br>Наставници<br>Педагог<br>Психолог | IV недела од декември<br>II недела од јуни<br>Континуирано |
| **СОРАБОТКА СО НАСТАВНИЦИ** | **Педагошко инструктивна и советодавна работа**<br>Реализирани советодавно-консулативна работа со наставниците ;<br>Помош на наставниците при решавање на воспитно-образовните проблеми со учениците;<br>Советодавна работа за водење на педагошка евиденција и документација;<br>Индивидулана советодавна работа со ученици и родители на ученици со потешкотии во учењето;<br>Индивидуални разговори со родители-советодавна работа (решавање на воспитни и др. проблеми) | Директор<br>Педагог<br>Психолог<br>Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Наставници | III недела од октомври<br>II н. од октомври<br>Континуирано |
| | Реализирани посети на отворени, онлајн и часови со физико присуство и пополнување на инструментите од посетата на часовите и евалуација на дневните подготовки;консултативно советодавна средби со наставниците по одржување на наставните часови; | Директор<br>Педагог<br>Психолог<br>Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Наставници | недела од ноември<br>IV недела од декември<br>II н. од февуари |
| | **Унапредување на воспитно – образовна работа**<br>Евиденција за остварена стручна помош на одделенски (класни) раководители, ментори, приправници, | Директор<br>Педагог<br>Психолог | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | раководители на активи и раководители на секции;<br>- работа со наставници за решавањето на индивидуалните проблеми на учениците за поуспешно вклучување во наставниот процес;<br>- соработка со наставници – почетници,<br>- работно воведување;<br>- соработка со наставници пред и после<br>-реализацијата на отворени часови. | Наставници | II недела од јуни<br>Континуирано |
| **СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ** | **Педагошко инструктивна и советодавна работа**<br>Евиденција за реализација на индивидуални соработки со родителите; евиденција за советодавни инструктивни работи; реализирани активности со родителите (предавања, дискусии, родителски состаноци, обуки, работилници, упатства и сл.); докази за иницирање и осмислување различни начини за вклучување на родителите во одделни сегменти од работата на училиштето, како и за извршени истражувања на очекувањата на родителите, и нивно вградување во плановите на училиштето. | Директор<br>Педагог<br>Психолог<br>Наставници | Континуирано<br>I недела од ноември<br>Iv недела од декември |
| **СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА** | Учество и соработка со здружение на дефектолози<br>, БРО, МОН, ФФ (институт за дефектологија);<br>Соработка со Локална самоуправа и заедница;<br>Соработка со образовни, здравствени институција „Јане Сандански" ,ЗМЗ социјални институции ЦСР и други установи кои придонес. за остварување на целите и задачите на восп- образ. работа;<br>Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби ;<br>Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост<br>Договор за соработка со ресурсен центар ,,Др.Златан Сремец'' и ООУ ,,Љубен Лапе,,<br>Соработка со Прва детска амбасада ,,Меѓаши'' (Истражување за детските права)<br>соработка со различни институции од локалната средина;<br>Остварена соработка со колеги од други училишта. | Педагог<br>Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Психолог<br>Наставници | I недела од ноември<br>Iv недела од Декември<br>Континуирано |
| **ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВО И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА** | - Реализирани стручни теми актуелни за тековната учебна година;<br>- информации од посетени семинари:<br>Справување со меѓуврсничко насилство во училиште Превенирање на насилното однесување во основните училишта;<br>-Реализирано стручно предавање оддржано на стручен актив на тема ,,Крени глас против врсничко насилство''<br>-акциско истражување ;<br>обраовниот процес, наставните програми;<br>- следење на стручна литература;<br>-Реализирани стручни предавања на тема „препознавање на емоции" | Педагог<br>Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Директор<br>Психолог<br>Наставници | I недела од ноември<br>Iv недела од Декември<br>Континуирано<br>Април |
| **АНАЛИТИЧКО ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА** | - евиденција на стручен соработник;<br>- извештаи по класификациски периоди за анализа на успехот и поведението;<br>-учество во реализација на Годишната програма за работа на училиштето;<br>- самоевалуацијата на училиштето;<br>-извештај од анализа на учењето;<br>-реализација на индивидуална и групна соработка со родителите; | Директор<br>Педагог<br>Психолог<br>Наставници | I недела од Ноември<br>IV недела од декември<br>Континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | -евиденција за советодавни инструктивни работи;<br>-евиденција за соработка со други соработници или институции;<br>-евиденција за остварени презентации. | | |
| **УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА** | **Планирање и подготовка на работата на стручен соработник**<br>Учество во изработката на Годишната програма за работа на училиштето;<br>Учество во изготвување програма за работа на тимот за превенција од насилство;<br>Учество при планирањето, програмирањето и реализација на работата на стручните активи;<br>Учество при планирање, програмирање и реализација на работата на одделенскиот и Наставничкиот совет;<br>Изработка на план и програма за професионална ориентација на учениците како и негова реализација;<br>Учество во изработка на програма за професионален развој. | Педагог<br>Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Психолог<br>Наставници | IV недела од август,<br>Континуирано |
| | **Следење во креацијата и реализацијата на програмите за:** Вонаставни активности, стручни органи, професионален развој на наставниците, проширена програма за наставниците, учество во изготвување на програма за унапредување на оценувањето, развојното планирање, професионална ориентација, следење на реализацијата на одделенските часови,<br>Ученичка заедница и Совет на родителите. | Педагог<br>Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Психолг<br>Наставници | III недела од октомври<br>Континуирано |
| | **Педагошка евиденција и документација**<br>- увод и следење на педагошка евиденција и документација во улилиштето<br>-упатства за водење на педагошка евиденција и документација;<br>-педагошки картон и портфолио за наставници;<br>- евиденција за работа на стручен соработник. | Педагог<br>Психолог<br>Наставници | II недела од октомври<br>I недела од Декември,<br>Континуирано |

**Педагог- Снежана Мирчевска**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ПСИХОЛОГОТ 2023/2024

| Програмско Подрачје | Содржина на активностите | Соработници | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| **РАБОТА СО УЧЕНИЦИ** | **Советодавна работа со учениците**<br>Реализирани индивидуални и групни советувања со ученици и со родители; евиденција за инструктивна работа со ученици, ученици, одделенски раководители; следење и унапредување на ученичка заедница; | Психолог<br>Педагог | I недела од Октомври<br>III недела од Октомври<br>Континуирано |
| | Работа со ученици со тешкотии во учењето<br>Евиденција за ученици со тешкотии во учењето; евиденција за работа со ученици и нивното напредување; евиденција за работа со родителите, наставниците; активности со паралелката во која се вклучени учениците. | Психолог<br>Педагог<br>Дефектолог<br>Наставници | I недела од Октомври<br>III недела од Октомври |
| | Запишување на учениците и формирање на паралелките.<br>евиденција за разговор со деца; подготвени инструменти и реализирани активности за утврдување на подготвеност за запишување; | Директор<br>Психолог<br>Педагог | Мај<br>IV недела одАвгуст<br>III недела од Октомври |
| | Следење на прилогодувањето на учениците од 6-тто одделение во предметната настава,советување на учениците – индивидуално и групно.Пружена на помош на ученици со проблеми во прилагодувањето во | Психолог<br>Педагог<br>Наставници | Континуирано<br>I недела од Ноември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | средината.,Посредување и советување при разрешување на конфликти помеѓу учениците | | |
| | Реализирана програма за професионална ориентација и кариерно оспособување учениците во 9то одделение;<br>Остварена соработка со надворешни субјекти и институции и средни училишта | Психолог<br>Педагог<br>Наставници од 9то одделение | IV недела од декември<br>II недела од јуни<br>Континуирано |
| **СОРАБОТКА СО НАСТАВНИЦИ** | Реализирана советодавно-консулативна работа со одделенските раководители и со останатите наставници;Пружена помош на наставниците при решавање на воспитно-образовните проблеми со учениците;Дадени консултации на наставниците за водење на педагошка евиденција и документација; Консултации со наставниците за оценувањето на учениците<br>Учество во работата на стручните активи | Директор<br>Психолог<br>Педагог<br>Наставници | III недела од октомври<br>II н. од октомври<br>Континуирано |
| | Реализирана посета на часови и евалуација на дневните подготовки; | Психолог<br>Наставници | недела од ноември<br>IV недела од декември<br>II н. од февуари |
| **СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ** | **Педагошко-психолошка инструктивна и советодавна работа**<br>Евидентирани индивидуални соработки со родителите,советодавни инструктивни работи; соработка со претставници на родители од одделенија по различни прашања | Психолог<br>Педагог<br>Наставници | Континуирано<br>I недела од ноември<br>Iv недела од декември |
| **СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА** | Остварена соработка со Локална самоуправа и заедница;<br>Соработка со образовни, здравствени институција „Јане Сандански“ ,ЗМЗ социјални институции ЦСР и други установи кои придонес. за остварување на целите и задачите на восп- образ. работа;<br>Остварена соработка со колеги од други основни училишта,Остварена соработка со средните училишта | Психолог<br>Наставници | I недела од Ноември<br>Континуирано<br>Iv недела од Декември<br>Март-Април |
| **ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОИ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА** | - информации од посетени семинари:,обуки и упатства од БРО и МОН<br>Превенирање на насилното однесување во основните училишта;МАКПЕТРОЛ –КАМПАЊА**,,Стоп за врсничко насилство''** | Психолог<br>Педагог<br>Наставници | I недела од ноември<br>Iv недела од Декември<br>Континуирано<br>Април |
| **АНАЛИТИЧКО ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА** | - евиденција на стручен соработник;<br>-учество во реализација на Годишната програма за работа на училиштето;<br>- учество во самоевалуацијата на училиштето;<br>-реализација на индивидуална и групна соработка со родителите;<br>-евиденција за советодавни работи;<br>-евиденција за соработка со други соработници или институции;<br>-евиденција за остварени презентации,предавања за Врсничко насилство | Психолог<br>Педагог<br>Наставници | I недела од Ноември<br>IV недела од декември<br>Континуирано |
| **УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА** | **Планирање и подготовка на работата на стручен соработник**<br>Учество во изработката на Годишната програма за работа на училиштето;<br>Реализирана програма за работа на тимот за превенција од насилство;<br>Реализирана програма за професионална ориентација на учениците;Учество во изработка на програма за професионален развој. | Психолог<br>Педагог<br>Наставници | IV недела од август,<br>Континуирано |
| | **Следење во креацијата и реализацијата на програмите за:**<br>Воннаставни активности, стручни органи, професионален развој на наставниците, учество во изготвување на програма за унапредување на оценувањето, развојното планирање, професионална ориентација, следење на реализацијата на одделенските часови,<br>Учество во Ученичка заедница и Совет на родителите. | Психолог<br>Педагог<br>Наставници | III недела од октомври<br>Континуирано |

**Психолог – Тара Кораќ**

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА

## СПЕЦИЈАЛНИОТ ЕДУКАТОР И РЕХАБИЛИТАТОР 2023/2024

| Програмско Подрачје | Содржина на активностите | Соработници | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| **РАБОТА СО УЧЕНИЦИ** | **Советодавна работа со учениците**<br>Евиденција за индивидуална и групна работа со ученици; евиденција за инструктивна работа со ученици, со родителите, други ученици, одделенски раководители; | Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Комисија<br>Психолог<br>Педагог<br>Директор | I недела од Септември<br>III недела од Октомври<br>Континуирано |
| | **Работа со ученици со посебни образовни потреби**<br>Евиденција за ученици со посебни образовни потреби според видот на попреченоста; евиденција за работа со ученици; евиденција за работа со родителите, наставниците и соодветни институции вон училиштето; планирани и реализирани активности со паралелката во која се вклучени учениците. | Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Психолог<br>Педагог<br>Директор | II недела од Ноември<br>IV недела од Декември<br>Континуирано |
| | Работа со ученици со тешкотии во учењето<br>Евиденција за ученици со тешкотии во учењето; евиденција за работа со ученици и нивното напредување; евиденција за работа со родителите, наставниците; активности со паралелката во која се вклучени учениците. | Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Психолог<br>Педагог | I недела од Октомври<br>III недела од Октомври |
| | Запишување на учениците и формирање на паралелките.<br>Паралелките беа еднакво формирани според наставата која ќе ја следат според еднаквост на застапеност на пол, националност и структура на семејствата. Додека учениците со ПОП се распределуваат таму каде што е помал бројот во паралелката. | Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Директор<br>Психолог<br>Педагог<br>Библиотекар | IV недела од Август |
| | Програма за професионална ориентација;<br>Професионална ориентација и кариерно оспособување;<br>Документација за остварена соработка со надворешни субјекти и институции. | Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Психолог<br>Педагог<br>Директор<br>Наставници | IV недела од декември<br>II недела од јуни<br>Континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **СОРАБОТКА СО НАСТАВНИЦИ** | **Педагошко инструктивна и советодавна работа**<br>Советодавна работа за водење на педагошка евиденција и документација;<br>Индивидуални разговори со родители-советодавна работа (решавање на воспитни и др. проблеми) | Директор<br>Психолог<br>Педагог<br>Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Наставници | III недела од октомври<br>II н. од октомври<br>Континуирано |
| | Стручните соработници вршеа посета на отворени часови со физико присуство на наставниците и пополнуваа инструменти од посетата на часовите и евалуација на дневните подготовки; консултативно советодавна средби со наставниците по одржување на наставните часови; | Директор<br>Психолог<br>Педагог<br>Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Наставници | недела од ноември<br>IV недела од декември<br>II н. од февуари |
| | **Унапредување на воспитно – образовна работа**<br>Потешкотии при евиденција за остварена стручна помош на одделенски (класни) раководители, ментори, приправници, раководители на активи и раководители на секции;<br>-реализацијата на отворени часови. | Директор<br>Психолог<br>Педагог<br>Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Наставници | II недела од јуни<br>Континуирано |
| **СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ** | **Педагошко инструктивна и советодавна работа**<br>Евиденција за реализација на индивидуални соработки со родителите; | Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Директор<br>Психолог<br>Педагог<br>Наставници | I недела од ноември<br>Iv недела од декември |
| **СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА** | Учество и соработка со здружение на дефектолози<br>, БРО, МОН, ФФ (институт за дефектологија);<br>Соработка со образовни, здравствени институции „Јане Сандански“ ,ЗМЗ социјални институции ЦСР и други установи кои придонес. за остварување на целите и задачите на восп- образ. работа;<br>Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби ;<br>Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост<br>Соработка со ресурсен центар ,,Др.Златан Сремец’’ и ООУ ,,Љубен Лапе,, | Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Психолог<br>Педагог<br>Наставници | I недела од ноември<br>Iv недела од Декември<br>Континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА** | Меѓуврсничко насилство во училиште, Превенирање на насилното однесување во основните училишта; обраовниот процес, наставните програми; | Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Директор<br>Психолог<br>Педагог<br>Наставници | I недела од ноември<br>Iv недела од Декември<br>Континуирано<br>Април |
| **АНАЛИТИЧКО ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА** | - евиденција на стручен соработник;<br><br>-реализација на индивидуална и групна соработка со родителите; | Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Директор<br>Психолог<br>Педагог<br>Наставници | I недела од Ноември<br>IV недела од декември<br>Континуирано |
| **УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА** | **Планирање и подготовка на работата на стручен соработник**<br>Изработка на план и програма за професионална ориентација на учениците како и негова реализација;<br>Недоволна ангажираност во изготвувањето на Годишниот извештај, Самоевалуацијата и Годишната програма, | Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Психолог<br>Педагог<br>Наставници<br>Директор | IV недела од август,<br>Континуирано |
| | **Следење во креацијата и реализацијата на програмите за:**<br>Воннаставни активности, стручни органи, професионален развој на наставниците, проширена програма за наставниците, учество во изготвување на програма за унапредување на оценувањето, развојното планирање, професионална ориентација, следење на реализацијата на одделенските часови,<br>Ученичка заедница и Совет на родителите. | Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Психолог<br>Педагог<br>Наставници | IIIнедела од октомври<br>Континуирано |
| | **Педагошка евиденција и документација**<br>- следење на педагошка евиденција и документација во улилиштето<br>-педагошки картон и портфолио за наставници;<br>- евиденција за работа на стручен соработник. | Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Психолог<br>Педагог<br>Наставници | II недела од октомври<br>I недела од Декември,<br>Континуирано |

Дефектолог: Ивана Цветановска

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА БИБЛИОТЕКАРОТ 2023/2024

Училишната библиотека работи според Годишен план и програма.

Библиотеката располага со приближно 13000 учебници, 350 книги наменети како стручна литература за наставниците и стручните соработници и 9956 лектирни изданија. Согласно зголемениот број на ученици, со секоја учебна година и согласно вкупниот број на ученици – училишната библиотека располага со многу мал фонд на лектирни изданија. Генерациски распределено, библиотеката располага со 10 до 15 примероци од секоја лектира предвидена за обработка – што практично, во момент на обработка на лектира во секоја паралелка има по 2 до 3 примерока. Со оглед на тоа дека паралелките во просек се со најмалку 25 ученика – бројот на примероци од лектирните изданија е премал.

Во учебната 2023/24 година во училишната библиотека членувале 393 ученика и изнајмени се околу 950 книги. Оваа учебна година беше зголемен бројот на ученици кои покажаа интерес за книгите на англиски јазик, особено беше зголемен бројот на ученици кои читаат на англиски јазик во четврто и петто одделение. Учениците имаат обврска задолжените лектири да ги вратат најдоцна до крајот на учебната година. Во соработка со одделенските раководители, сите ученици кои доцнат беа известени, со тоа што лектирите се прибрани на време, со исклучок на неколку ученика, поради оправдани причини и истите тоа ќе го сторат на почетокот на следната учебна година.

Пред почетокот на учебната година тековно се врши печатење и нумерирање на бесплатните учебници. Со почетокот на учебната година учебниците се распределуваат на учениците – генерациски.

Како дополнителна литература, со цел за подобрување на воспитно-образовниот процес, учениците од прво до петто одделение добиваа списанија кои беа дистрибуирани од страна на издавачките куќи „Просветно дело“ и „Арс Ламина“. Вкупниот број списанија, кој во текот на учебната година беше доставен до учениците изнесува: 5558 списанија од „Просветно дело“ и 632 списанија од „Арс Ламина“, односно вкупно 6190 списанија.

Тековно се врши упис на нови членови – читатели за изнајмување на книги за лектира , но и книги по сопствен избор како и на сите вработени кои имаат потреба да користат книги, но и стручна литература.

„Месецот на книгата“ кој се одбележува во периодот од 15 октомври до 15 ноември беше исполнет со посети на библиотеката - првачињата се запознаваа со просториите во училиштето, па и со библиотеката, а останатите ученици имаа дуги активности – се зачленуваа, читаа, учеа што е тоа библиотека итн.

Настанот со кој позначајно се одбележа „Месецот на книгата“ се реализираша на 1 ноември, во организација на библиотеката.

Во текот на месец декември се направи контрола за уплатите за прво полугодие на сите корисници на списанија, беа консултирани и координирани одделенските раководители како и самите ученици.

Во текот на првото полугодие се реализираше набавка на повеке од 120 лектирни изданија, со цел за проширување и збогатување на библиотечниот фонд.

Во текот на целата година, библиотекарот има соработка со наставниците – со цел подобрување на наставниот процес, збогатување на истиот со потребна литература и слично.

Во периодот април - мај се направи проценка за потребите на училиштето од учебници и согласно напатсвијата од МОН, библиотекарот го изготви и го достави „Формуларот за нарачка на учебници“ до Педагошката служба во МОН.

Во периодот мај – јуни одделенските раководители беа известени за состојбата со позајмените лектири и воедно секој беше задолжен да направи контрола за доделените учебници, нивната бројна состојба, дотраеност и слично, при што непречено беа прибрани учебниците од учениците и селектирани по предмети и одделенија.

Во текот на целата учебна година библиотеката и библиотекарот ја вршеа својата основна функција како што е издавање и примање на книги, евиденција на прочитаното, водење на библиотечна книга, список на членови, поделување на списанија и друго.

Библиотекар: Мирјана Накова

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ

За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште од родителите, односно старателите на учениците се формира Совет на родители на училиштето.

Во Советот на родители има по еден претставник од секоја паралелка којшто го избираат родителите,односно старателите, на родителски состанок на паралелката.

Седниците на Советот на родители во текот на учебната 2023/2024, се реализираа со физичко присуство во просториите на основното училиште “Љубен Лапе”.

Седниците беа секогаш конструктивни со позитивни идеи во интерес на учениците и училиштето. Советот на родители континуираноi се вклучува во сите донаторски акции, организирани акции поврзани со безбедноста на раскрсницата пред училиштето како и позитивни идеи за користење на мобилните телефони и хигиената во училиштето.

| **Дневен ред на седниците на Советот на родители - активности** | **Време на реализација** | **Реализатори** |
|---|---|---|
| 1. Запознавање со Годишната програма за работата на училиштето за учебната 2023/2024 година<br>2. Информирање за активностите во училиштето<br>3. Предлози и прашања | август | родители<br>наставници<br>Директор<br>Стручна служба |
| 1. Усвојување на записникот на претходната седница на Советот на родители<br>2. Избор на ново раководство на Советот на родители,<br>3. Информација за топол оброк | септември | родители<br>наставници<br>Директор<br>Стручна служба |

| | | |
|---|---|---|
| 1. Усвојување на записникот на претходната седница на Советот на родители<br>2. Анализа на упехот и редовноста на учениците во првото тримесечие на учебната 2023/2024 година;<br>3. Информирање за активностите во училиштето;<br>4. Предлози и прашања. | ноември | родители<br>наставници<br>Директор<br>Стручна служба |
| 1. Усвојување на записникот од минатиот состанок;<br>2. Избор на нов член во Комисијата за разгледување на понуди за осигурување на учениците, екскурзии<br>3. Предлози и прашања. | февруари | родители<br>наставници<br>Директор<br>Стручна служба |
| 1. Усвојување на записникот од минатиот состанок;<br>2. Избор на претставник од редот на родителите за член во Училишен обор<br>3. Анализа на упехот, редовноста и поведението на учениците на крајот од третото тримесечие на учебната 2023/2024 година;<br>4. Информирање за активностите во училиштето;<br>5. Предлози и прашања. | мај | родители<br>наставници<br>Директор<br>Стручна служба |
| 1. Усвојување на записникот од минатиот состанок;<br>2. Разгледување на Годишен извештај за работата на училиштето во учебната 2023/2024 год.;<br>3. Разгледување на самоевалуација на учиштето<br>4. Разгледување на програма за екскурзии<br>5. Разгледување на годишна програма за работа за учебната 2024/2025 година<br>6. Предлози и прашања. | Јуни | родители<br>наставници<br>Директор<br>Стручна служба |

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР

Училишниот одбор во во учебната 2023/2024 година реализираше 10 состаноци и ги реализираше активностите предвидени во Годишната програма за работа на Училишниот одбор во ООУ ”Љубен Лапе”, според определена динамика за работа, а реализираните седници произлегуваа од потребите во функција на квалитетна организација за работа на училиштето. Состаноците се реализираа во просториите на училиштето.

За сите седници согласно законските и правилските одредби беа доставени соодветни покани и одлуки. За сите реализирани седници беа изработувани записници и одлуки.

Во оваа учебна година од Училишниот одбор беа усвоени следниве документи:

1. Програма за работа на Училишниот одбор
2. Извештај за работа на училиштето за претходната година
3. Годишна програма за работа на училиштето за наредната учебна година
4. Годишен финансиски план
5. Годишен план за јавни набавки

Изворот на новите членови се одвиваше согласно „Законот за основно образование“

и Статут на ООУ„Љубен Лапе“, Аеродром, постапката беше со тајно гласање.

Училишниот одбор во целост ги реализираше предвидените активности од „Годишната програма за работа на училишниот одбор во учебната 2023/2024 година.
Седниците се организираа во позитивна и конструктивна атмосфера. Предлозите и насоките од УО беа прифатени и спроведени од менаџерскиот тим на училиштето.
Училишниот одбор учествуваше во проектите и бвазарите организирани од страна на училиштето со цел финансиски да допринесат на условите во воспитно – образовниот процес.

Претседател на Училишниот одбор:
Маја Ивановска

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ 2023/2024 год.

| **Месец** | **Дневен ред на седниците на Наставничкиот совет - активности** | **Реализатори** |
|---|---|---|
| **Септември** | 15.9.2023<br>1.Читање и усвојување на записникот од минатиот состанок.<br>2.Избор на наставник/стручен соработник за учебната 2022/2023 год.<br>3.Мислење од наставник ментор за наставник приправник.<br>4.Тековни прашања | Директор, Наставници, Стручни соработници |
| **Октомври** | 27.10.2023 год<br>1.Усвојување на записникот од минатиот состанок.<br>2.Избор на два члена за Училишен одбор.<br>3.Информации за закажана интегрална евалуација од ДПИ.<br>4.Тековни прашања. | Директор, Наставници, Стручни соработници |
| **Ноември** | 3.11.2023 год<br>1.Усвојување на записникот од минатиот состанок.<br>2. Утврдување на успехот и поведението за првото тримесечие во учебната 2023/2024 година.<br>3.Усвојување на протокол за проток на информации.<br>4.Усвојување на правилник за првенец на генерација.<br>5. Разно | Директор, Наставници, Стручни соработници |
| **Јануари** | 17.1.2024<br>1.Записник од претходниот Наставнички Совет<br>2.Успех и поведение за првото полугодие во учебната 2023/2024 година.<br>3.Тим за подршка на ученици при изрекување на педагошки мерки<br>4.Тековни прашања | Директор, Наставници, Стручни соработници |
| **Февруари** | 8.2.2024 год<br>1.Усвојување на записници од минатите два наставнички совети.<br>2.Разгледување нацрт-извештај од спроведената интегрална евалуација.<br>3.Мислење од наставници-ментори за наставници- | Директор, Наставници, Стручни соработници |

| | | |
|---|---|---|
| | приправници.<br>4.Тековни прашања. | |
| **Април** | 5.4.2024 год<br>1.Усвојување на записникот од минатиот состанок.<br>2. Утврдување на успехот и поведението за третото тримесечие во учебната 2023/2024 година.<br>3. Формирање комисија за Самоевалуација.<br>4. Формирање комисија за упис на првачиња за учебната 2024/2025 година.<br>5. Формирање комисија за Годишна програма.<br>6. Формирање комисија за програма за екскурзии и слободни ученички активности.<br>7. Разно | Директор,<br>Наставници,<br>Стручни<br>соработници |
| **Јуни** | 13.6.2024<br>1.Усвојување на записникот од минатиот состанок.<br>2.Прогласување на 3.Првенец на генерација.<br>Разно | Директор,<br>Наставници,<br>Стручни<br>соработници |
| **Јуни** | 17.6.2024 год<br>1.Усвојување на записникот од минатиот состанок<br>2.Утврдување на успехот и поведението за IX одделение за учебната 2023/2024 година<br>3.Комисија за проверка на електронскиот дневник, главните книги и свидетелства за IX одделение | Директор,<br>Наставници,<br>Стручни<br>соработници |
| **Јуни** | 20.6.2024 год<br>Усвојување на записникот од минатиот состанок<br>2.Утврдување на успехот и поведението од I-VIII одделение за учебната 2023/2024 година<br>3.Комисија за проверка на електронскиот дневник, главните книги и свидетелства за I-VIIIодделение<br>4.Избор за најдобар наставник или стручен соработник за учебната 2023/2024 | Директор,<br>Наставници,<br>Стручни<br>соработници |

## УЧЕНИЦИ

Во учебната 2023/2024 година училиштето го посетуваа 1268 ученици од I – IX одделение, распоредени во 46 паралелки. Училиштето работи во две смени за учениците од прво до деветто одделение.

Преглед на вкупниот број ученици и паралелки на крајот на учебната 2023/2024 година како и постигнатиот успех и поведение се дадени во Прилог: Статистички извештај.

| **Одд.** | **Број на паралелки** | **Број на ученици** | **Етничка и родова структура на учениците** | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Македонци** | | **Албанци** | | **Турци** | | **Срби** | | **Роми** | | **други** | |
| | | | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** |
| **I** | 5 | 148 | 75 | 73 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **II** | 6 | 159 | 77 | 80 | 1 | / | / | 1 | / | / | / | / | / | / |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| III | 6 | 163 | 80 | 83 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| IV | 6 | 155 | 66 | 88 | / | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / |
| V | 5 | 132 | 69 | 63 | / | | / | / | / | / | / | / | / | / |
| I - V | 28 | 757 | 367 | 387 | 1 | / | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / |
| VI | 5 | 143 | 74 | 69 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| VII | 4 | 103 | 44 | 59 | / | | / | / | / | / | / | / | / | / |
| VIII | 5 | 150 | 90 | 60 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| IX | 4 | 112 | 50 | 62 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| VI- IX | 18 | 508 | 258 | 250 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| I- IX | 46 | 1265 | 625 | 637 | 1 | / | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / |

**Во текот на оваа учебна година, поради преселба се отпишани 10 ученика,а запишани се вкупно 12 нови ученици.**

## Подрачја на промени,приоритети и цели

**ЦЕЛ1**: **Организација и реализација на наставата и учењето.**

Реализирани активности:

- формиран тим за утврдување на состојбата;
- утврдена иницијална состојба на процесот на учењето,реализација и организација на наставата;
- извршена е опсервација на досегашните постигнувања во наставата и постигнатите резултати;
- реализирани обука за наставници со примена на платформи и дигитални содржини;
- реализирани обука за наставници за техники на учење;
- обезбедени се нови материјални и нагледни средства ;
- уредени се училници и училишен хол;
- набавена детска и стручна литература
- реализирани се советодавно-консултативни средби со родители,ученици,наставници.

**ЦЕЛ 2:Постигнување на ученици**

Реализирани активности:

- формиран тим за утврдување и анализа на состојбата и постигнувањата на учениците;
- изготвување на споредбени анализи на успехот на учениците;
- реализирање на дополнителна и додатна настава;
- вклучување на учениците во вон-наставни активности;
- активности и соработка на инклузивниот тим;
- соработка и вклучување на родителите во училишните активности;
- активности со Ученички парламент;
- консултативно-советодавна работа со ученици и родители.

**ЦЕЛ 3: Професионалниот развој на наставниците, стручните соработници и раководен орган.**
Реализирани активности:
-формиран тим за професионален развој;
-изготвени се интерни критериуми за следење на напредувањето на наставниците и нивното вреднување;
-спроведена е обука за нови техники на учење при користење на дигиталната платформа и дигитални содржини
- посета на вебинари и online предавања и работилници;
-изработка на план и програма за професионален развој на наставници,стручни соработници и директор,,
- консултативни и советодавни активности за надминување на новините и предизвиците во реализација на образовните цели.
- посета на обуки и вебинари за професионален развој

## Програми и организација на работата во основното училиште

Учебната 2023/24 година за учениците започна на **01.09.2023 год**. а заврши на **17.06.2024 год.**

Во чест на првиот училишен ден за учениците од прво одделение беше подготвена пригодна програма која се реализираше во училишниот хол каде добредојде им посакаа нивните постари другарчиња.

Наставата се одвиваше во две смени според и тоа:
-прва смена со почеток во 7:30 часот.
-втора смена со почеток во 13:10 часот

Во учебната 2023/2024 година се реализирани вкупно 180 наставни денови.

Во ООУ,,Љубен Лапе,, во оваа учебна година наставата ја следеа 1265 ученици распоредени во 46 паралелки, од кои 18 предметна и 28 одделенска настава.

## РЕДОВНА НАСТАВА

Наставниот процес се одвиваше според однапред утврден Календар на работа и распоред на часови.

Во училиштето наставата се организира и изведува според програми за задолжителни и изборни предмети. Застапени се сите предмети предвидени со Наставниот план и програма за основно образование од МОН и БРО.

**Во оваа учебна година,во прво, второ, трето, четврто, петто и шесто одделение наставата се реализираше според новата концепција донесена од страна на МОН и БРО.**

Во учебната 2023/2024 година учениците од шесто оддделение имаа можност да го изберат за изучување германскиот или францускиот јазик покрај англискиот јазик како редовен предмет во предметна настава.

**Наставните програми по сите предмети се реализирани согласно годишните планирања на наставниците.**

Наставниците во текот на учебната година ги реализираа часовите согласно Наставниот план и програма,притоа земајќи ги во предвид стандардите пропишани од

МОН и БРО.Исто така се реализирани и сите активности предвидени со програмата за антикорупција и еколошко образование.

Меѓуетничката интеграција во образованието е планирана и релизирана преку активности испланирани од страна на наставниците од предметна и одделенска настава и се целосно реализирани.

Во наставата се применуваат современи и адекватни постапки, форми, методи и техники на наставна работа, како и микробитови  со **проектот„Училиште на 21 век“.** Нивната примена е во зависност од наставните содржини, структурата на учениците во одделението и условите во училиштето. Од следењето на наставата и  спроведените истражувања, заклучуваме дека од методите најзастапени се методот на усно излагање, методот на демонстрација, експериментален од прво до трето одделение како и во предметна настава по предметот Природни науки,метод на игра, метод на самостојна работа, текст и илустративна метода, како и бура на идеи, дневник во две колони,интервју,грозд техника,играње на улоги,примена на ИКТ во наставата  и други.

